2022-2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

# ПЛАН
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
# ВО НАЦИОНАЛНИОТ ЗАТВОРСКИ СИСТЕМ

Февруари 2022 година

## ВОВЕД

Планот за спречување на корупцијата во националниот затворски систем е предвиден во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2021-2025)[1].
Во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во стратешка цел бр. 7 - Подобрување на корпоративниот интегритет, јакнење на механизимите за справување со случаите на несоодветно постапување и корупција, точката 7.1.5 се однесува на ревидирање на Планот за спречување на корупција во националниот затворски систем со Акцискиот план, кој беше изготвен врз основа на претходни анализи на релевантните закони и регулативи (вклучувајќи ги и внатрешни упатства и правилници)[2], како и средби со релевантни претставници од повеќе институции.[3]

Овој План за спречување на корупција во националниот затворски систем претставува моќна превентивна алатка во борба против корупција со кој се настојува да се создаде ефикасен затворски систем и да се зајакне довербата на лицата лишени од слобода, како и на сите граѓани во нашата државата.

Планот за спречување на корупција во националниот затворски систем ги утврдува приоритетните области кои можат да генерираат корупција, како и активностите што Управата за извршување на санкциите (во натамошниот текст: Управата), казнено-поправните и воспитно-поправните установи (во натамошниот текст: КПУ и ВПУ), како и сите надлежни институции треба да ги превземат за нивна реализација и креирање на соодветни политики кои треба да дадат резултати при постигнувањето на целите на овој план.

# ДЕФИНИЦИЈА

Зборот корупција потекнува од латинскиот збор **„corruptio”** што значи изопаченост, расипаност, кршење и непочитување на административни и морални норми). Терминот„корупција“ значи нелегално, лошо или неправедно однесување од страна на луѓе, коишто имаат моќ со цел да стекнат финансиски, материјални или нематеријални предности на незаконит начин.

Согласно Закон за спречување на корупција и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), под корупција се подразбира: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг’’. Тоа значи искористување од страна на службеното лице на функцијата која

---

[1]Достапна на www.coe.int/t/dgi/criminallawcoop/projects/FYROM%20Old/WEB_FYROM_National-Strategy-Devt-Penitentiary-System(2021-2025).pdf и на web страната на Управата www.uis.gov.mk

[2] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на РСМ’’ бр. 12/2019), Закон за заштита на укажувачи ("Службен весник на Република Македонија" бр.196/15 и 35/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20); Правилникот за заштитено надворешно пријавување ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/16) и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/16)

[3] Извештај со процена во однос на несоодветно постапување и корупција во домашниот затворски систем (јули/август 2016 година, изработен од Јулија Козма и Франческо Клементучи), Акционен план на планот за спречување на корупција во националниот затворски систем(2017-2022), Извештај од КПТ од 2019 и 2020 година, Годишните планови за спречување на корупција во УИС, КПУ и ВПУ за 2021 година.

ја има, доверените јавни овластувања и положбата се со цел да се дојде до корист која не би требало да му припаѓа. Најчесто користа е материјална, а може да биде и нематеријална, моментална или одложена, еднократна или повеќекратна. Исто така, користа може да биде за себе или за други лица со кои службеното лице е во блиска, семејна или било друг вид врска.

Принципи за ефикасна борба против корупцијата се: јавно изразена политичка волја за борба против корупцијата, донесување на сеопфатна правна рамка, воспоставување на антикорупциска институционална рамка, градење на култура на нетолерантност кон корупцијата (јакнење на свеста на вработените преку едукации, обуки, тренинзи), ефикасно спроведување на законите, ефикасна меѓу институционална и меѓународна соработка во борбата против корупцијата, соработка со граѓанскиот и приватниот сектор во борбата против корупцијата. Алатки во борбата против корупцијата се: контрола и ревизија, проценка на ризици од корупција, воспоставување на систем за спречување на судирот на интереси, процедури за пријавување на корупција и заштита на укажувачите, поднесување на анкетни листови, транспарентност и отчетност во работењето.

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАБОТА И СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПЛАНОТ

За секоја цел треба да се изготват специфични и детални активности со назначување на вид, приоритет и одговорни субјекти.

Активностите се поделени на следниот начин:

1) Законодавни/регулаторни: овој вид на активности се однесува на сите случаи во кои постои потреба од нов закон, пропис, подзаконски акт, како и измена и дополнување на постоечки закон или негово укинување.

2) Организациски: овој вид на активности се однесува на оние случаи каде имајќи го во предвид постојниот систем потребно е да се изврши модификација на организацијата или управување со ресурсите.

3) Оперативни: овој вид на активности се однесува на одлуките што ја модификуваат методологијата на користењето или имплементацијата на одредени фактори или ресурси.

Во врска со приоритетот, активностите се поделени во следните три категории на приоритет, имено:

1) Краткорочни: подразбира активности кои ќе се преземат во временски рок од 6 до 12 месеци. Вакви активности се оние кои можат веднаш ефикасно и лесно да се спроведат.

2) Среднорочни: ова се активностите кои ќе се преземат во рок од 2 години. Тие се однесуваат на активности за чие спроведување е потребно учество или соработка на група чинители и затоа бараат подолг временски период.

3) Долгорочни: ова се активностите кои треба да се спроведат во рок од 4 години. Вообичаено ова се најсложените активности кои бараат долга или комплексна процедура со цел нивно исполнување.

Реализацијата на овој план ќе се следи во рамки на механизмот за следење на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025).

# АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

## ЦЕЛ 1

**Зголемена видливост на резултатите во однос на борбата против корупцијата за подобрување на јавната свест и доверба.**

Оваа цел може да се дефинира на два начина, имено:

1. Цел насочена кон подобрување на јавната свест и доверба и
2. Зголемување на видливоста на постигнатите резултати.

Во пракса, препораката за зголемување на видливоста на постигнатите резултати со цел да се зголеми довербата и перцепцијата на јавното мислење[4], бара поголем ангажман од Управата, КПУ и ВПУ.

Оваа цел не бара интервенција во законите, туку е потребен попрактичен, оперативен одговор. Поконкретно, Управата меѓу другите податоци и информации ќе ги презентира и резултатите од стручниот надзор во својот годишен извештај.

Во однос на „состојбите поврзани со борбата против корупцијата", наодите или релевантните податоци меѓу другото може да вклучуваат: број на претставки добиени по КПУ и ВПУ, број на иницирани надзори, број на предмети или извештаи проследени до други органи (како Јавното обвинителство, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување на корупцијата, Управата за финансиска полиција или други), број на изречени казни (поделени по ниво/вид на казна: опомена, суспендирање од работа, деградирање, отпуштање, итн.) и други анонимизирани податоци или статистика, може да бидат корисни со цел општеството да биде информирано за степенот на корупција во затворскиот систем.

[4] Во согласност со правилото #93 од Европските затворски правила, важно е наодите од овие тела, заедно со коментарите кои можеби биле доставени од засегнатата установа, да бидат отворени за јавноста. Извештаите од телата за надзор може да содржат предлози и мислења во однос на постоечките или нацрт законите. (видете на: www.coe.int/t/DGHL/STANDARDSETTING/PRISONS/PCCP%20documents%202015/EUROPEAN%20PRISON%20RULES.pdf)

| МЕРКИ / АКТИВНОСТИ | Временска рамка | Одговорна институција/вклучени институции | Индикатори |
|---|---|---|---|
| 1.1 Утврдување Каталог на податоците кои се создаваат и објавуваат за користење, вклучувајќи и датум на објавување на податоците (по податочни сетови), динамика на нивно ажурирање (дневно, неделно, месечно и квартално) и поединечен линк, односно веб локација до местото каде што се објавуваат податоците. | 2022-Континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | 100 % објавени податоци согласно Каталогот на податоци |
| 1.2 Собирање и анализа на податоци добиени од КПУ и ВПУ и тоа:<br><br>-Број на доставени претставки, поплаки по КПУ и ВПУ;<br>-Број на стручни надзори;<br>-Број на предмети или извештаи проследени до други органи (како Јавен обвинител, Народен правобранител, Државната комисија за спречување на корупција, Управата за финансиската полиција или други),<br>-Број на изречени дисциплински казни на осудени лица и деца | | | Извештај од спроведената анализа на податоците, со заклучоци и препораки за:<br><br>-намалување на број на претставки, поплаки по КПУ;<br>-зголемување на бројот на стручни надзори;<br>-намалување на бројот на изречени дисциплински казни на осудени лица и деца<br>-следење на предметите и извештаите проследени до други органи (како Јавно обвинителство, Народен правобранител, Државната комисија за спречување на корупција, Управата за финансиска полиција или други). |
| 1.3 Други податоци или статистика кои се сметаат за значајни за откривање на активностите против корупцијата, согласно утврдениот каталог | | | |
| 1.4 Собирање на податоци за годишно објавување на информации поврзани со изворот и висина на буџетот кој се издвојува и троши по установа. | 2022-Континуирано, годишно | УИС, КПУ и ВПУ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.5 Обработка на собраните податоци и објавување на информации поврзани со изворот и висина на буџетот кој се издвојува и троши по установа. | | | Објавени годишни информации поврзани со изворот и висина на буџетот кој се издвојува и троши по сите КПУ и ВПУ |
| 1.6 Годишно објавување на информации поврзани со изворот и висина на буџетот кој се издвојува и троши по установа. | | | |
| 1.7 Годишно следење и оценка на спроведувањето на Програмата за почетна и континуирана обука и проверка на знаењата и способностите на припадниците на затворскиот персонал | 2022- Континуирано, годишно | УИС, КПУ и ВПУ | 100% спроведена Програмата за почетна и континуирана обука и проверка на знаењата и способностите на припадниците на затворскиот персонал |
| 1.8 Изготвување проект за спроведување кампања и информативни активности, како и изготвување план за спроведување на информативни активности и изготвување публикации за подигање на свеста за корупцијата во затворите. | 2023 | | Спроведена една образовна и една информативна активност (кампањи, обука, публикации) за подигање на свеста за корупцијата во затворите. |
| 1.9 Спроведување информативни активности за подигање на свеста за корупцијата во затворите | 2022- континуирано согласно планот | | |

## ▪ ЦЕЛ 2

### Зајакнати капацитети на Одделението за внатрешна ревизија при Управата

Активноста која е потребна за реализација на оваа цел е од оперативен карактер.
Неопходно е зајакнување на капацитетот на Одделението преку зголемување на бројот на извршители и нивна обука.
Се предвидува реализирање на нови вработувања согласно Годишниот план за вработување на Управата, обука на вработените како и годишно планирање и спроведување на ревизии во КПУ и ВПУ.

| МЕРКИ / АКТИВНОСТИ | Временска рамка | Одговорна институција/вклучени | Индикатори |
|---|---|---|---|

| | | институции | |
|---|---|---|---|
| 2.1 Планирање на нови вработувања и унапредување во Одделението за внатрешна ревизија | 2022-2026 | УИС, МФ, МИОА | Одобрен Годишен план за вработување на УИС<br>Писмена согласност од МФ и МИОА<br>Спроведен јавен/интерен оглас<br>Зголемен број на вработени лица |
| 2.2 Обучување на вработените во Одделението за вршење ревизија во УИ | 2023-Континуирано | УИС, МФ, МИОА | Обучени 100% од вработени лица во Одделението за внатрешна ревизија |
| 2.3 Годишно планирање и спроведување ревизии во УИС, КПУ и ВПУ | 2025-континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | Спроведени минимум по една ревизија во УИС, КПУ и ВПУ годишно |

- **ЦЕЛ 3**

### Зајакнати професионални стандарди во Управата, КПУ и ВПУ

Мерки и активности кои се потребни за постигнување на оваа цел се следните:

1. Воспоставување на процес на селекција врз база на професионализам и транспарентност назначувајќи листа со минимум стандарди во однос на вредностите и вештините кои се неопходни затворскиот персонал да ги исполнува за бараните работни позиции.
2. Промоција и унапредување на соодветни човечки, финансиски и технички ресурси на сите нивоа.
3. Контрола на успешноста, оценувањето или ротацијата на затворскиот персонал во КПУ и ВПУ како средство со кое ќе се ограничи поттикнувањето и ефектите на корупцијата.

**4.** Именување согласно законски утврдените услови и професионално извршување на функцијата директор на УИС, директор и заменик директор на КПУ и ВПУ

Мерките кои се предвидени под оваа цел се во насока на решавање на проблемот на несоодветното назначување на персонал и негово раководење.

Поконкретно, Управата ќе иницира детална и редовна анализа на системот за унапредување и евалуација на затворскиот персонал преку годишно следење на унапредувањата, упатувањата, ротација и деградирањата на пониско работно место на вработените КПУ и ВПУ од аспект на ограничување на мотивацијата и ефектите од корупцијата кои произлегуваат од подолго задржување на исто работно место.

| **МЕРКИ / АКТИВНОСТИ** | **Временска рамка** | **Одговорна институција/вклучени институции** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|
| 3.1 Годишно следење на унапредувањата, распоредувањата и деградирањата на пониско работно место на вработените во КПУ и ВПУ, анализа од аспект на ограничување на мотивацијата и ефектите од корупцијата кои произлегуваат од подолго задржување на исто работно место и преземање мерки во насока на подобрување на состојбите:<br>- мерки 4.2 и 4.3;<br>- образложување на одлуките согласно закон за причините поради кои едно лице е деградирано на пониско работно место . | 2024-континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | 10 % од вкупниот персонал годишно унапредени<br>10 % од вкупниот персонал годишно распоредени<br>0 % необразложени одлуки со кои се деградира на пониско работно место |
| 3.2 Спроведување квалитетни обуки за затворскиот персонал и поврзување на спроведувањето обуки со процесот на оценување на затворскиот персонал | 2022-континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | Број на спроведени обуките организирани за затворскиот персонал (вклучувајќи го на пример и бројот на издадени потврди за успешно завршени обуки) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Анализа на квалитетот на спроведените обуки, преку прашалници за оценка на обуката и проверка на стекнатите знаења<br><br>30% од затворскиот персонал ги посетил обуките утврдени со Годишниот план за обуки |
| 3.3 Анализа на критериуми (вештини и квалификации) за селекција на затворски персонал на секое ниво, со препораки и предлог листа на минимум релевантни специфични критериуми (вештини и квалификации) за селекција | 2025-континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | Спроведена анализа со препораки и предлог листа на минимум релевантни специфични критериуми |
| 3.4 Избор и унапредување на затворскиот персонал согласно законски утврдените критериуми | 2022-континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | 100 % избран затворски персонал согласно законските критериуми.<br><br>Унапредени 10 % од затворскиот персонал |
| 3.5 Именување и професионално извршување на функцијата директор на УИС, директор и заменик директор на КПУ и ВПУ | 2022-континуирано | Влада на РСМ ,УИС, КПУ и ВПУ | 100 % избрани директори согласно законските критериуми |

- **ЦЕЛ 4**

## Зајакнат систем за внатрешна контрола

Посебните цели во рамките на Цел 4 се да се врши редовна идентификација, управување и намалување на ризиците од корупција. Една од важните мерки е да се обезбеди ротација на вработените лица во КПУ и ВПУ. Припадниците на затворската полиција од редот на стручни и помошно стручни може да ротираат во рамките на делокруг на работата на затворската полиција во установата, додека

раководните припадници на затворска полиција остануваат подолго на своите работни позиции согласност со принципот на „динамичка безбедност”.[5]

Се предлага припадниците на затворската полиција да ротираат со цел да се отстрани или намали секоја можност од создавање коруптивни врски меѓу затворската полиција и лицата лишени од слобода. Оваа препорака се однесува и на вработените лица од другите сектори во установата.

Ротацијата на вработените лица во КПУ и ВПУ е уредена со постојните прописи. Следствено на тоа, потребни се натамошни напори со цел овој принцип да се имплементира подобро и поредовно. Поточно, директорите на КПУ и ВПУ треба да иницираат ротација во рамките на установата, како и упатување од една во друга установа.

Исто така, за да се олесни комуникацијата и размената на идеи и на добри практики, се наметнува потребата од одржување на работни средби на Управата со директорите и раководниот кадар од КПУ и ВПУ.

| **МЕРКИ / АКТИВНОСТИ** | **Временска рамка** | **Одговорна институција/вклучени институции** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|
| 4.1 Изготвување на годишни планови за спречување корупција во КПУ и ВПУ, врз основа на спроведена проценка на ризици | 2022 - континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | Годишни планови за спречување корупција во КПУ и ВПУ се изготвени врз основа на спроведена анализа на ризици и доставени до УИС |
| 4.2Анализа за ризици од корупција и воспоставување на механизам за управување со такви ризици | 2022 - континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | Воспоставен механизам за управување со ризици |
| 4.3 Спроведување и следење на системот за ротација на затворскиот персонал (мерка 3.1) | 2023-континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | 10% од вработените во сите КПУ/ВПУ ротираат на годишно ниво |

[5]Динамичка безбедност е концепт и метод на работа според кој вработените ги одредуваат приоритетите на воспоставувањето и на одржувањето на секојдневната комуникација иинтеракција со осудените лица врз основа на професионалната етика. Цел е подобро да се разберат осудените лица и да се проценат ризиците што тие може да ги претставуваат, како и да се гарантираат безбедноста, сигурноста и редот, со што се придонесува за ресоцијализација и подготовката за отпуст. Овој концепт треба да биде разбран во рамките на поширокиот поим на безбедност што, исто така, ги опфаќа и структурната, организациската и статичката безбедност (ѕидови, прегради, брави, осветлување и опрема што се користат за ограничување на осудените лица кога тоа е неопходно).

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.4 Комуникации и размена на идеи и добри практики за ротација на вработените во КПУ и ВПУ | 2023-континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | Одржани работни средби еднаш квартално |

## ▪ ЦЕЛ 5

**Континуирано зајакнување на знаењето и вештините за спречување на корупција на вработените лица во затворскиот систем.**

Главно мерило за остварувањето на оваа цел е воспоставеноста и спроведувањето на сеопфатна и континуирана програма за обука за спречување корупција. Затворскиот персонал има право на почетна и континуирана обука, посебно за работните места кои се најмногу изложени на ризик од корупција. За таа цел е потребно воспоставување на функционален Центар за тренинг и едукација на затворскиот персонал.

Едукацијата и изградбата на вештините на затворскиот персонал може да се фокусираат на следниве области: етика и професионализам; третман со осудени лица; комуникација; динамична безбедност; применети вештини; безбедност на лицата лишени од слобода, обезбедување во КПУ и ВПУ, управување со конфликти и со кризи; како и обуки во делот на примената на правото на здравствената заштита.

Во таа насока, неопходно е воспоставување на соработка помеѓу Управата и Државната комисија за спречување на корупција, за организирање обуки во областа етика и спречување корупцијата , како и соработка со Министерството за внатрешни работи во делот на обуката, а особено за размена на најдобри практики и знаења за применети вештини, безбедност и обезбедување, помеѓу припадниците на затворската полиција и припадниците на МВР.

| **МЕРКИ / АКТИВНОСТИ** | **Временска рамка** | **Одговорна институција/вклучени институции** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.1 Унапредување на соработката со Државната комисија за спречување на корупција, Министерство за внатрешни работи, Академија за обука на судии и јавни обвинители, како и вклучување на експерти од областа на корупција | 2022 - континуирано | УИС, КПУ и ВПУ ДКСК, МВР, АСЈО | Склучени меморандуми за соработка со Државната комисија за спречување на корупција, Министерство за внатрешни работи и Академијата за обука на судии и јавни обвинители<br><br>Донесена специјализирана програма за обуки за спречување на корупцијата |
| 5.2 Развивање на специјализирана програма за обуки за спречување на корупцијата, во соработка со ДКСК | 2023-2026 | УИС, КПУ и ВПУ ДКСК | Во рамки на Програмата за почетна и континуирана обука и проверка на знаењата и способностите, вклучена е програма за обуки за етика и спречување на корупцијата |
| 5.3 Спроведување на обуки согласно Програмата за почетна и континуирана обука и проверка на знаењата и способностите | 2022 – континуирано согласно програмата | УИС, КПУ и ВПУ ДКСК, МВР, АСЈО, | Број на организирани обуки за етика и спречување на корупцијата, организирани за различни групи на стручни лица кои работат во затворите: персонал на УИС, целиот персонал кој работи во затворскиот систем (директори, затворска полиција, ресоцијализација, итн.) и осудени лица<br><br>100 % спроведени обуки согласно годишната Програма за обуки во делот за спречување на корупцијата |
| 5.4 Следење на одржаните обуки, од аспект на обучен затворски персонал | 2022 – континуирано согласно програмата | УИС | 100 % спроведени обуки согласно годишната Програма за обуки во делот за спречување на корупцијата<br><br>Извештај од спроведени обуки, со заклучни согледувања и препораки, подготвен од Одделението за обука на кадри во КПУ и ВПУ- Центар за тренинг и едукација |

## ЦЕЛ 6

### Зајакната соработка и координација со релевантни институции

Воведување и спроведување редовни состаноци и работилници за ефективна меѓуинституционална соработка и координација за разбирање и решавање на конкретни проблеми во КПУ и ВПУ, а се со цел да овозможи размена на информации и добри практики од областа на спречување на корупцијата во затворскиот систем.

Управата ќе иницира и организира редовни состаноци и работилници (најмалку еднаш годишно) меѓу сите заинтересирани субјекти што, директно или индиректно, може да бидат во функција на спречувањето корупција во КПУ и ВПУ, меѓу кои се: Директорите на КПУ и ВПУ, Канцеларијата на народниот правобранител - Националниот превентивен механизам, Државната комисија за спречување на корупција, Јавниот обвинител на РСМ, ,Министерство за здравство, судиите за извршување на санкциите и други. Цел е да се создаде постојана институционална мрежа на учесници што ќе можат да дадат придонес за разбирање и решавање на овој проблем.

| **МЕРКИ / АКТИВНОСТИ** | **Временска рамка** | **Одговорна институција/вклучени институции** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|
| 6.1 Воведување и спроведување редовни состаноци за ефективна меѓуинституционална соработка и координација за разбирање и решавање на конкретни проблеми во КПУ и ВПУ | | УИС, КПУ и | Одржани најмалку два состаноци на годишно ниво |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6.2 Следење на активностите за ефективна меѓуинституционална соработка и координација за разбирање и решавање на конкретни проблеми во КПУ и ВПУ, вклучително број на состаноци, работилници, обуки и други спроведени активности | 2022-континуирано | ВПУ, МЗ, МП<br>НПРМ, НПМ, ДКСК судови, ЈОРМ | Подготвени и објавени информации за спроведените активности за меѓуинституционална соработка и координација, во рамки на годишните извештаи на УИС, со податоци за вклучени институции (нивни претставници) во активностите за ефективна меѓуинституционална соработка и координација за разбирање и решавање на конкретни проблеми во КПУ и ВПУ |

## ЦЕЛ 7

### Примена на механизмот за пријавување на имотна состојба и интереси и правилата во однос на гостопримство и подароци

Препорачано е раководниот кадар да врши редовни проценки на ризик од корупција во сите КПУ и ВПУ, да изготвува извештаи во случаи на детектирани ризици од корупција, а при тоа да вклучи алатка за следење на пријавувањето на имотната состојба и интересите. Како можни ризици од корупција се јавуваат: поткуп (активен и пасивен), трговија со влијание-посредување, проневера, злоупотреба на службена положба/злоупотреба на дискрецијата, изнудување, непотизам, кронизам, корист од прекумерно влијание на бизнис, подароци, погодности, платени патувања, гостопримство, политичка корупција и финансирање на изборниот процес.

Во таа насока, Управата ќе иницира предлози за дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за извршување на санкциите до Министерството за правда, со цел за затворскиот персонал да се утврди обврска за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси.

| **МЕРКИ / АКТИВНОСТИ** | **Временска рамка** | **Одговорна институција/вклучени институции** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7.1 Иницирање на предлози за дополнување на Законот за спречување на корупција и судирот на интреси и Законот за извршување на санкциите<br><br>7.2 Подготовка на измени и дополнувања на член 83 став 1 Од Законот за спречување на корупција и судир на интерерси<br><br>7.3 Подготовка на измени и дополнувања на Законот за извршување на санкциите | 2022 | УИС, МП | Донесени закони од страна на Собранието на РСМ |
| 7.4 Информирање на затворскиот персонал и вработените лица од Управата за законски утврдените обврски за пријавување на имотна состојба и интереси и за должноста за почитување на правилата кои се однесуваат на гостопримство и подароци | 6 месеци по донесување на законите | УИС, КПУ и ВПУ | Објавено известување на веб страната на УИС. |
| 7.5 Воспоставување механизми за следење на исполнувањето на законски утврдените обврски за пријавување на имотна состојба и интереси и<br><br>7.6 Уредување на правила кои се однесуваат на гостопримство и подароци и воспоставување механизми за следење на почитувањето на правилата | 6 месеци по донесување на измените кои го пропишуваат механизмот за следење | УИС | Воспоставен механизам за следење на исполнувањето на законски утврдените обврски за пријавување на имотна состојба и интереси<br><br>Воспоставен механизам за следење на почитувањето на правилата кои се однесуваат на гостопримство и подароци<br><br>Преземени мерки во сите случаи на утврдено неисполнување на законски утврдените обврски за пријавување на имотна состојба и интереси<br><br>Преземени мерки во сите случаи на утврдено непочитување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | на правилата кои се однесуваат на гостопримство и подароци |

## ЦЕЛ 8

### Унапреден систем за редовен надзор на доделувањето, одбивањето или отсуството на погодности и права и санкционирањето на осудените лица.

Потребно е да се унапредат и унифицираат постапките за начинот на остварување на правата, одобрување на погодности на осудените лица, санкционирање на осудените лица, како и подобрување на механизмот за известување до надлежните институции и организации. Ефективната транспарентност кон јавноста е многу моќна алатка за да се изгради доверба во јавното мислење и за да се отстранат вообичаените предрасуди кон затворскиот персонал и раководниот кадар. Во тој контекст се препорачува КПУ и ВПУ да воспостават механизам за пристап до информации од јавен карактер, односно да се објави преглед на информации кои заинтересираната јавност може да ги добие на web страните на КПУ и ВПУ во Република Северна Македонија.

Цел на препораката е да се објавуваат извештаи со статистички обработени податоци и на транспарентен начин да се утврди начинот на доделување на погодности на секое осудено лице.
За остварување на оваа цел, потребно е сите КПУ и ВПУ да доставуваат до Управата потполнети унифицирани табели за водење евиденција на дадени/одбиени погодности на осудени лица (име, презиме, регистарски број, вид на погодност, датум на доделување/одбивање) со цел да имаме усогласен и систематски начин на евиденција на погодности во сите установи.
Врз основа на собраните податоци, Управата ќе направи анализа за начинот на доделување на погодности на осудените лица. Добиените резулатати од анализата ќе бидат објавени во годишниот извештај за работењето на Управата.

Исто така, Управата ќе се грижи постојните алатки (т.е. кутии за поднесување претставка од осудени и притворени лица до Управата, телефони) да бидат лоцирани на места со доволна заштита на анонимноста на подносителот на поплаката, односно претставката. Дополнително, Управата ќе инсистира на зголемување на бројот на овие алатки (телефони и кутии), кои би требало да бидат поставени во секое одделение во установата.

| **МЕРКИ / АКТИВНОСТИ** | **Временска рамка** | **Одговорна институција/вклучени институции** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|
| 8.1 Воспоставување унифициран образец со критериуми за следење на бројот и основот за давање и одбивање на погодности | 2024 | УИС, КПУ и ВПУ | Донесен унифициран образец со критериуми за следење на бројот и основот за давање и одбивање на погодности<br><br>Изготвена анализа која го содржи бројот и основот за давање и одбивање на погодности, која ќе биде дел од Годишниот извештај за работењето на Управата за извршување на санкциите<br><br>Континуирана размена на информации во однос на бројот на погодности, во електронски табеларен формат |
| 8.2 Анализа на податоците од системот за следење на бројот и основот за давање и одбивање на погодности | 2025 – континуирано | | |
| 8.3 Унапредување на системот за следење на бројот и основот за давање или одбивање на погодности – со креирање на национална електронска мрежа на КПУ, ВПУ и УИС за следење на бројот и основот за давање или одбивање на погодности | 2026 | УИС, КПУ и ВПУ | Функционална национална електронска мрежа на КПУ, ВПУ и УИС за следење на бројот и основот за давање или одбивање на погодности. |
| 8.4 Унапредување на алатките за прием на претставки, поплаки, пријави и жалби | 2023 | УИС, КПУ и ВПУ | 50% зголемен број на вкупно примени поплаки, претставки, пријави и жалби:<br>назначени овластени лица за прием на пријави од укажувачи во УИС и сите КПУ и ВПУ<br><br>Упатство за заштитено внатрешно пријавување, е донесено и достапно за вработените во КПУ, ВПУ, притворените и осудените лица<br><br>Кутии и телефон за анонимно пријавување, лоцирани на места со доволна заштита на анонимноста на подносителот во КПУи ВПУ. |

- **ЦЕЛ 9**

## Следење на Годишните планови за спречување на корупција во КПУ и ВПУ

Управата ја следи обврската на КПУ и ВПУ да доставуваат:

- Годишни планови за спречување корупција во нивната установа;
- Да назначат лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите;
- Интерна процедура за спроведување на постапките за јавни набавки и подготовка, склучување и реализација на договорите и

| МЕРКИ / АКТИВНОСТИ | Временска рамка | Одговорна институција/вклучени институции | Индикатори |
| --- | --- | --- | --- |

- Интерна процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9.1 Следење на обврската КПУ и ВПУ редовно да доставуваат акти за борба против корупција во нивната установа | Континуирано | УИС, КПУ и ВПУ, МП | КПУ и ВПУ редовно до УИС ги доставуваат следните акти:<br>• Годишни планови за спречување корупција (за во нивната установа);<br>• Решенија со кои се назначени овластени лица за прием на пријави од укажувачи;<br>• Интерна процедура за спроведување на постапките за јавни набавки и подготовка, склучување и реализација на договорите и<br>• Интерна процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите. |
| 9.2 Објавување на актите за борба против корупцијата на web страната на УИС, www.uis.gov.mk | Континуирано | УИС, КПУ и ВПУ | 100 % објавени акти на веб страната на УИС, www.uis.gov.mk |
| 9.3 Креирање и објавување на веб-страници за КПУ и ВПУ | 2023- | УИС, КПУ и ВПУ | Утврден концепт за унифицирана содржина на веб-страниците на КПУ и ВПУ<br><br>Број на креирани и јавно достапни веб-страници каде КПУ и ВПУ ги објавуваат актите за борба против корупцијата и сите податоци кои се од јавен интерес |

Горенаведените акти потребно е да се објавуваат на официјалната web страна на Управата се до моментот кога КПУ и ВПУ ќе креираат своја официјална web страна и таму ќе ги објавуваат овие акти како и сите информации кои се од јавен карактер.